Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НПМ) на 20.12.2012 година спроведе посета на ЈУ Специјален завод Демир Капија (во понатамошниот текст завод). Посетата започна во 08:40 часот и заврши во 14:00 часот (вкупно времетраење на посетата од 5 часа и 20 минути). НПМ ја спроведе посетата придружуван од надворешен соработник-психијатар, согласно Меморандумот за соработка потпишан помеѓу Народниот правобранител на РМ и Здружението на психијатри на РМ.

НПМ спроведе ***редовна ненајавена посета*** на заводот во Демир Капија, во рамки на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител. Целта на посетата согласно Факултативниот протокол е идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, преку увид во материјалните услови во установата за социјална заштита, постапувањето со лицата со пречки во менталниот и физичкиот развој, остварувањето на правата загарантирани со Законот за социјална заштита и други правни акти, како и водењето на евиденциите во врска со оваа категорија на лица.

Специјалниот завод во Демир Капија согласно важечките позитивно-правни прописи е установа за сместување на лица со пречки во менталниот развој која обезбедува сместување, згрижување, здравствена заштита, рехабилитација, работна и окупациона терапија, во согласност со нивните способности и здравствената состојба.[1] Посетата на установата се спроведе во неколку чекори. Тимот на Националниот превентивен механизам, придружуван од надворешен соработник-психијатар,на почетокот од посетата разговараше со директорот и раководните лица на установата, а потоа, делејќи се во два тима, направи увид во сместувачките капацитети, одделението за работна и окупациона терапија, кујната и други помошни простории.

При посетата беа спроведени разговори со поголемиот дел од вработените во установата (негуватели, медицински сестри, дефектолози, инструктори и сл.), како и со неколку лица сместени во установата. Воедно, беа прегледани и индивидуални планови за работа, медицинска евиденција за неколку лица сместени во оваа установа и други регистри кои се водат во установата. На крајот од посетата НПМ тимот ги даде своите првични согледувања и укажувања на директорот на установата.

Посетата на заводот се реализираше во целосна соработка со управата и вработените на заводот при што НПМ тимот имаше непречен увид во местата на сместување, како и целосна слобода во изборот на лица со кои спроведе разговор.

НПМ при посетата на заводот не наиде на случаи ниту доби поплаки за можна тортура или сурово постапување или казнување на корисниците на установата.

Материјалните услови и состојби во поголемиот дел ги задоволуваат минималните посакувани стандарди, а во тек е реконструкција на блокот А во насока на

[1] член 126 од Законот за социјалната заштита

подобрување на условите за сместување на корисниците. Просториите за сместување за време на посетата беа соодветно осветлени и затоплени.

НПМ утврди дека дел од корисниците се вклучуваат во окупациска и физикална терапија кои се спроведуваат од соодветно остручени профили. Постојат позитивни промени во однос на редовно и квалитетно водење на документацијата, евиденцијата и регистрите во заводот. Во заводот не се спроведува физичка имобилизација (фиксација) на корисниците. Не се забележани соби и инструменти за физичка фиксација, ниту се добиени податоци за нивно постоење.

НПМ констатираше и определени негативни состојби. НПМ искажува загриженост за определени постапувања кои претставуваат ризик и може да доведат до понижувачко и/или нечовечно постапување и за истите соодветно побара од управата на заводот да преземе конкретни мерки. Материјалните услови и состојби не ги задоволуваат посакуваните стандарди во делот на санитарните јазли и бањите, кои се делумно руинирани и неприлагодени за оваа категорија лица, додека креветите и душеците за спиење во голем број се стари и дотраени. Најзагрижувачка е состојбата со материјалните услови во депанодансот на заводот каде беа сместени 51 корисник.

НПМ искажува загриженост поради фактот што лифтот во т.н. нов објект не беше во исправна состојба, поради што пристапот до окупациона терапија, физикална терапија и до надворешниот простор за прошетка за најголемиот дел од корисниците сместени на вториот кат од објектот (полуподвижни или неподвижни) е значително отежнат. НПМ смета дека на ваков начин се ограничува слободата и просторот на движење на корисниците.

НПМ констатираше дека постои недоволна екипираност на заводот со кадар од следните области: лекар по општа медицина, невропсихијатар, логопед, социјален работник и други профили, додека присуството и посетите од надворешни соработници (како гинеколог, интернист и физијатар) не се на задоволително ниво.

Во заводот за време на посетата постоеше и недостаток на храна и прехранбени продукти, поради што не секогаш се изготвуваат оброците во согласност со утврдената листа на оброци.

Особено загрижува состојбата дека при давањето контрацептивни средства не се бара ниту добива одобрување од старателот или од самиот корисник (доколку не е му е одземена деловната способност), а воедно корисниците не секогаш се информираат правилно и соодветно за целта на контрацептивното средства кое им се дава.

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител како Национален превентивен механизам подготви посебен извештај во кој ги констатираше позитивните и негативните состојби и даде соодветни препораки упатени до Министерството за труд и социјална политика и до управата на заводот во Демир Капија со цел отстранување на идентификуваните недостатоци.